РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-534/3
17-01-2022 (2021)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по доставена анонимна пријава, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3245/1 од 22.06. 2019 година, оформен по доставена анонимна пријава, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ______________, началник на ____________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3245/1 од 22.06. 2019 година.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-3245/1 од 22.06. 2019 година е оформен по доставена анонимна пријава од граѓани на ____________ во која се укажува дека _______________, налчелник на _______________, постапил спротивно со член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не ја пријавил својата имотна состојба.

Воедно, во пријавата се наведува имотот кој именуваниот го стекнал откако станал началник на _________________, и дека истиот имот го нема пријавено при што се бара ДКСК да постапи согласно член 114 ств 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со оглед на тоа што се работи за службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи, ДКСК ја достави пријавата на надлежно постапување на МВР-Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Од страна на Министерството за внатрешни работи е доставено известување во кое се наведува дека од нивна страна е извршен увид во евиденцијата на МВР и дека е консntатирано дека __________________ поднел анкетен лист на 02.11.2009 година. Исто така, Секторот за внатрешна контрола се обратил и до ______________, при што од негова страна се известени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не спаѓа во

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

категориите лица кои се обврзани согласно со член 82 да поднесуваат анкетен лист и да пријавуваат промени на имотната состојба.

ДКСК, согласно член 84 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, побара од ____________________ да поднесе анкетен лист до ДКСК како и да достави податоци за членовите на семејството со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот е доставен анкетен лист на ден 05.10.2020 година, и се доставени податоци за следните членови на неговото семејство:

-_________________ – син;
-_________________-ќерка;
-_________________-сопруга;

ДКСК, за имотот на ____________________ и за имотот на наведените членови на неговото семејство, прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на прибавените податоци од надлежните институции како и нивно споредување со податоците од анкетниот лист на ____________________ поднесен до ДКСК, се констатира дека именуваниот го пријавил целиот имот кој тој и членовите на неговото семејство го поседуваат.

Во однос на барањето ДКСК да постапи согласно член 114 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се констатира дека именуваниот не спаѓа во категориите лица кои согласно со член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имаа обрска да поднесат анкетен лист и изјава за интреси до ДКСК и да пријавуваат промени на имотната состојба согласно член 85 од истиот закон.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: А.Ч.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk